УДК 821.163.3-1:821.131.1-1].091
УДК 821.131.1-1:821.163.3-1].091

Владимир Мартиновски
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
martinovski@gmail.com

# МОЛИТВИТЕ ВО ЛИРСКИТЕ СВЕТОВИ НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ И ФРАНЧЕСКО ПЕТРАРКА

*Дај, Господе, што помалку очите да им ги бодам*
Б. Конески, „Молитва“

*Дојди од некаде, слатко спокојство,*
*во самотната душа.*
Б. Конески, „Б. Конески“

*Препорака дај ми за Синот Твој свиден*
*- вистинскиот Господ, вистинскиот Човек*
*та духов за довек во МИР да ми биде!*
Ф. Петрарка, „Канцона“ (Канцониер, 366)

Молитвата е еден на најстарите сакрални лирски облици: уште во предисторијата молитвите биле дел од усното наследство, а во сите древни литератури се запазени свети поетски текстови (молитви и химни) преку кои архаичните луѓе барале поддршка, помош, поткрепа, закрила, благосостојба, утеха, добро здравје (и што уште не) од божествата и натприродните сили, а молитвата е основниот мост на комуникација меѓу верниците и Бога и во монотеистичките религии, така што светите книги изобилуваат со циклуси молитвени песни.

Дури и кога ќе излеземе од контекст омеѓен од канонизираните свети книги и списи, можеме да забележиме дека молитвите ги среќаваме интерполирани и во книжевни дела од различни жанровски и поетички ориентации, а во современата (македонска) поезија[1] наидуваме и на реактуелизации на цели циклуси песни создадени во

1 На пример, во тематската антологија *Орфеј и Исус, панорама на библиските мотиви во современата македонска поезија* (СВП, 2000), Анте Поповски има селектирано голем број песни поврзани со молитвата, меѓу кои: „Молитва“ од Б. Конески, „Епитаф“ од М. Матевски, „Оче наш...“ од Б. Ѓузел, „Молитвена“ од С. Христова Јоциќ, „Молитва“ од М. Линдро, „Акатист“ од Б. Цветкоски и „Молитва за спасение“ од Д. Крушкаровски.

дослух со оваа древна лирска форма, како што се циклусот од единаесет „молитви на моето тело“ од поетската книга *Небиднина* (1963) на Ацо Шопов, или стихозбирката *Псалми* (2000) од Михаил Ренџов, во која современиот македонски поет се надоврзува на старозаветните псалми.

Во поетскиот опус на Конески се запазени дури пет песни чии наслови го содржат зборот „молитва“: две песни со ист наслов „Молитва“ (од *Песни*, 1953), песната „Молитва за сон“ (од *Стари и нови песни*, 1979), песната „Молитва“ (од *Црква*, 1988), песната „Молитва“ (од *Небесна река*, 1991) и песната „Молитва за успокојување“ (од *Црн овен*, 1993). Со оглед дека се работи за куси песни, во оваа пригода ќе ги наведеме во целина, почнувајќи можеби од една од најцитираните песни на Конески, песната „Молитва“, објавена од стихозбирката *Црква* (1988):

*Спаси ме, Боже, од болните луѓе*
*што се накажани,*
*та не се криви,*
*нивната злоба умерено суди ја,*
*самите од неа одвај се живи.*
*Тие се мислат повикани да водат*
*како Мојсија и другите пророци,*
*а самите не можат да се ослободат*
*и влечат по себе ситни пороци.*
*Дај, Господе, што помалку очите да им ги бодам,*
*штом тие лево ќе фатат, јас десно да одам.*

Индикативно е што од целиот корпус песни-молитви оваа молитва е единствената во која експлицитно пораката е упатена кон Бога (*Спаси ме, Боже ... Дај, Господе*), така што по тонот и стилот оваа песна најмногу потсетува на библиските молитви. И покрај интертекстуалните нишки, тоа ни од далеку не значи дека молитвата не е длабоко лична: поетот бара спас од *болните, накажани* луѓе, но алудирајќи на едни од последните зборови на Исус Христос (*Прости им, не знаат што прават*), во оваа молитва поетот истовремено не бара дополнително казнување на злобниците, тие се доволно казнети како робови на сопствената злоба (*нивната злоба умерено суди ја, / самите од неа одвај се живи*).

Но постепено дознаваме дека во оваа молитва не се мисли на сите злобни луѓе, туку дека се алудира на политичките моќници и луѓето кои немаат морален кредибилитет да бидат водачи: *Тие се мислат повикани да водат / како Мојсија и другите пророци, / а самите*

*не можат да се ослободат / и влечат по себе ситни пороци.* Особено е потресен епилогот и последната молба на поетот до Бога, со која имплицитно ја признава својата немоќ и изнемоштеност пред злобата на моќниците: *Дај, Господе, што помалку очите да им ги бодам, / штом тие лево ќе фатат, јас десно да одам.* Со песната „Молитва“, Конески отворено го дијагностицирал општиот и вртоглав пад на вредностите, така што оваа молитва би можела да се чита и како најава на песната „Лажни пророци“ (со мото „по евангелието“), објавена во *Сеизмограф* (1989):

*Ќе дојде време на лажни пророци*
*што божем во мое име*
*ќе ве збираат по плоштадите,*
*ќе креваат врева до небеси,*
*ќе се бувтаат во градите.*
*Немојте да им верувате!*
*Тие мислат само на себеси.*
*Што дека прогласуваат*
*дека ве спасуваат!*
*Бес ги распина внатре*
*душите да ви ги затре.*
*Тие варосани гробови!*
*Не да им станете робови!*

Имено, ако во песната „Молитва“ поетот имплицитно признава дека им ги бодел очите самопрогласените „нови Мојсии“, барајќи помош и поткрепа пред налетите на нивните напади, песната „Лажни пророци“ може да се чита како најава дека таквите неодговорни водачи и наводни „спасители“ и псевдо-пророци кои *мислат само на себеси,* ќе се намножат по времето на објавата не овие песни (крајот на деведесеттите од XX век). Оттука, иако пее за ордата лажни пророци за која се зборува уште од времето на *Библијата*, тешко е да негираме дека во овие две песни на Конески нема и пророчки наслојки за сето она што се случуваше (и сѐ уште се случува) на балканските простори (но и во светот) од времето на нивното објавување до денес.

*Оваа бесона августовска ноќ / ме научи / дека има ред во гасењето на звуците* – вели лирскиот глас во песната „Звуци“. Хиперсензибилниот поет, соочен со сопствените премрежиња, но и со универзалните јанѕи на своето време, поетот, како оној Марко Крале од антологискиот циклус песни, неретко се соочува и со несоница. Не е тешко да се замисли поет-бдејач, како во фасцинантната песна „Мачки“ од Бодлер. Уште од младешките ноктурна запазени во „стариот

нотес“, настанати вза време на Втората светска војна, па сè до последните стихозбирки, темата на бдеењето, несоницата, ноќните немири се провлекува како еден од опсесивните интимни топоси во поезијата на Конески. Но дека против несониците поетот се лекувал творејќи сведочат неколку негови песни-молитви, меѓу кои е особено впечатлива „Молитва за сон“:

*Од високи брези*
*од предели зрачни*
*на капкиве слези*
*и приказни зачни.*

*Од веѓа до веѓа*
*тој збор да се слуша*
*да премости меѓа*
*раздвоена душа.*

*Со часови цели,*
*да извиди што не,*
*што денот го дели*
*да засоне всоне.*

*Од високи брези*
*од предели слачни*
*под клепкиве влези*
*и умора начни.*

Во овие стихови на Конески има нешто магиско, инкантациско, како поетот да го повикува сонот да го посети, небаре си пее автоприспивна песна! Молитвата како да е адресирана до сонот, а поетот ги ползува поетските пејзажни слики (*од високо брези / од предели зрачни ... слачни*) создавајќи многу пријатна еуфонија, која напати дури и асоцира на шумски звуци.

Во оваа молитва на Конески е впечатливо и тоа што поетот ги споменува и душата и телото, кои треба заедно да потонат во сон. Заморен од *немири и бранувања*, бидејќи враќањето на спокојството е предуслов за сонот, во уште песната „Молитва“ од *Небесна река* (1991) Конески го повикува, го поканува спокојството да се насели во него:

*Дојди од некаде, слатко спокојство,*
*во самотната душа.*
*(Доста немири и бранувања!)*

*Да стане најпосле самата таа*
*спокоен брег*
*што го пречекува*
*и го смирува*
*бесот на секој бран.*

И во оваа песна пејзажот е поврзан со духовната состојба на поетот: тој бара брановите да стивнат, да се смират, а метафората на сонот е токму спокојниот брег. Во последната стихозбирка *Црн овен* (1993) Конески ја пее можеби најпотресната молитва, ако воопшто тие може да се споредуваат и градираат.

Заморен од пакостите и од злобите со кои поетот интензивно се соочувал во последните години од животот, Конески посакал да остане запишана и запаметена и оваа „Молитва за успокојување“:

*Роб на грдата мисла*
*пред пакости и злоби,*
*молитва правам да тивне*
*гласот што несреќи коби.*
*Барем во петлени зори*
*или во глувите доби*
*нека се смири малку*
*јанѕата што ме здроби.*
*Најдете спокојно место*
*коскиве да ми ги зглоби.*

Овие стихови и по интонацијата и по сукцесијата на поетските слики, а и по целото расположение неодоливо потсетуваат на песната-епилог од циклусот Марко Крале, на песната за смртта на херојот – „Песје брдце“. Да потсетиме, лирскиот субјект таму велеше: *И еве пак е ноќ / и пак е глуво доба. / Наслушнувам: / наидува лоштијата / како матна вода што поклопува... Само никој да не ја види мојата смрт,* додека во молитвата од *Црн овен* молитвата гласи: *нека се смири малку / јанѕата што ме здроби. / Најдете спокојно место / коскиве да ми ги згլоби*. Поинаку кажано, ако ја читаме внимателно оваа молитва, тогаш постепено забележуваме дека насловот „Молитва за успокојување“ би можел да се чита дури и без буквата „с“: поетот како да си ја најавува смртта, но и се служи со стиховите за да побара смирение, спокој, мир...

Овие поразувачки искрени и вознемирувачки самоуверено и спокојно отпеани молитви на Конески, испеани во неговите зрели и последни години, би можеле да се споредат и со финалето на најзначај-

ната лирска стихозбирка од периодот на ренесансата, со завршната канцона (366. О, девице лична што в сончево руво... / Vergine bella, che de sol vestita…) од *Канцониерот* на Франческо Петрарка. Во упатените молби до Богородица, поетот исцрпен од долгогодишната невозвратена љубов и од јанѕите кои му ги носи животот, слично како и нашиот Конески, упатува молитви за спокојство, мир, спас од маките... Еве барем дел од молитвено интонираните стихови на Петрарка, во македонскиот препев на Георги Сталев:

*О, Девице лична в сочево руво*
(...)
- *дај, нека Те трогне и молбава тајна:*
*Јас земја сум, сфатив, Ти – кралица сјајна!*
(...)
*На бедава моја потсврти се, брани!*
*Одврати ме, храни со совети твои!*

Во завршната строфа од завршната песна на Канцониерот, поетот ја најавува смрт, со надеж за успокојување и мирно упокојување:

*Но, денот се ближи; тој далеку не е.*
*И времето така си лета и тече.*
*О, Девице! Сама, единствена бдееш,*
*а срцево совест, ту Смртта го пече.*
*Препорака дај ми за Синот Твој свиден*
*– вистинскиот Господ, вистинскиот Човек –*
*Та духов за довек во МИР да ми биде!*

Впрочем, споредбеното читање на стиховите на Петрарка и Конески би можело да нѐ поттикне да заклучиме дека поетите од различни времиња, простори и културни контексти, сепак се надеваат дека до посакуваниот мир ќе стигнат потпирајќи се на моќта на молитвената реч, преточена во врвна поезија.

## Литература

Андреевски, Ц. 1991 *Разговори со Конески*. Скопје: Култура.

Андреевски, Ц. 2003. *Конески: Кажувања за животот и литературата*. Скопје: Слово.

Ѓурчинов, М. 2002. „Блаже Конески, стожерна личност – белег на епохата", во *Делото на Блаже Конески (остварувања и перспективи),* Скопје: МАНУ, 7-17.

Конески, Б. 1988. *Дневник по многу години*. Скопје: Македонска книга.

Конески, Б. 1990. *Песни*. Скопје: Култура.

Конески, Б. 1990. *Песни и препеви*. Скопје: Култура.

Конески, Б. 1990. *Проза*. Скопје: Култура.

Конески, Б. 1990. *Ликови и теми*. Скопје: Култура.

Конески, Б. 2011. *Поезија, книга прва*. Прир. М. Ѓурчинов, Скопје: МАНУ

Конески, Б. 2011. *Поезија, книга втора*. Прир. М. Ѓурчинов, Скопје: МАНУ

Конески, Б. 2013. *Препеви*. Прир. М. Ѓурчинов, Скопје: МАНУ

Конески, Б. 2014. *Проза*. Прир. К. Ќулавкова, Скопје: МАНУ

Конески, Б. 2018. *Светот на песната и легендата*. Прир. М. Ѓурчинов, Скопје: МАНУ

Конески, Б. 2021. *Збор и опит 1*. Избор: И. Џепароски, Скопје: Арс Ламина.

Конески, Б. 2021. *Везилка*. Скопје: Арс Ламина.

Конески, Б. 2021. *Црн овен*. Скопје: Арс Ламина.

Поповски, А., прир. 2000. *Орфеј и Исус: панорама на библиските мотиви во современата македонска поезија.* Струга: СВП.

Vladimir Martinovski

### LES PRIÈRES DANS LES MONDES LYRIQUES DE BLAZE KONESKI ET FRANCESCO PETRARCA

Résumé

La prière est l'une des formes lyriques sacrées les plus anciennes : dès préhistoire, les prières faisaient partie du patrimoine oral, et dans tous les littératures anciennes sont des textes poétiques sacrés conservés (prières et hymnes) à travers lesquels les peuples archaïques cherchaient soutien, aide, soutien, protection, bien-être, confort, bonne santé. Dans l'œuvre poétique de Blaze Koneski (1921-1993), il y a  cinq poèmes dont les titres contiennent le mot « prière ». Les prières de Koneski, crées dans sa maturité, pourrait être comparé à la finale du plus importantle recueil de poésie lyrique de la Renaissance, avec le vers (Vergine bella, che de sol vestita...) de Francesco Petrarca (Pétrarque, 1304-1374). La lecture comparée des vers de F. Pétrarque et B. Koneski pourrait nous amener à conclure que les poètes de différents contextes culturels, espèrent qu'ils atteindront la paix souhaitée en s'appuyant sur le pouvoir de la prière.

*Mots-clés:* prière, Bible, intertextualité, lyrique, palimpseste